# *ПЕР Насоки за предвидување на трошоци*:
# Зошто е потребно и кои се главните карактеристики?

**Експерти на ЦЕФ**

**Љубљана**
**март 2019**

Funded by the European Union.

# Структура на презентацијата

- Зошто се потребни насоки за предвидување трошоци за ПЕР?
- Нејасности во „старите” ПЕР за мерење на „фискалните ефекти“ на СР
- Подготовка на севкупна рамка на Насоки за предвидување на трошоци за ПЕР
- Клучни трошковни/финансиски карактеристики на Насоките за предвидување трошоци за ПЕР
- Табели за предвидување трошоци/финансирање на СР според Насоките за ПЕР
  - *Табела 10а: предвидување трошоци за СР*
  - *Табела 10б: финансирање на СР*
- Неколку научени лекции досега

# Зошто се потребни насоки за предвидување трошоци за ПЕР?

- Поглавјето СР на ПЕР изменето/подобрено значително во последните години ….
- … меѓутоа, не беа направени подобрувања на „фискалните ефекти“ на СР
- Од земјите беше побарано да ги пресметаат „фискалните ефекти“, но, без методолошки насоки
- Понудена техничка помош, но, имплементацијата не е оптимална

# Зошто се потребни насоки за предвидување трошоци за ПЕР?

- *Насоките за предвидување трошоци за ПЕР даваат методолошка алатка за мерење на фискалните импликации на СР во рамки на ПЕР*
- *Насоките за предвидување трошоци за ПЕР  се надополнување на Насоките за ПЕР на Европската комисија во оваа област*

# Нејасност на „стариот”  ПЕР во мерењето на „фискалните ефекти“ на СР?

## Табела 10: Матрица на заложби за политики

| Опис на политика | Година X- 1 | Година X | Година X+1 | Година X+2 |
|---|---|---|---|---|
| 1. Мерка за политики (....) | | | | |
| A. Времетраење на реформата | | | | |
| B. Нето директно влијание на буџетот (ако има) во евра | | | | |
| B.1. Директно влијание на буџетските приходи (во евра) | | | | |
| B.2. Директно влијание на буџетски расходи (во евра) | | | | |
| B.3. Можно небуџетско финансирање (во евра) | | | | |
| B.3.1. Од кое наменско ИПА финансирање, вклучително и WBIF финансирање (во евра) | | | | |

# Нејасност на „стариот”  ПЕР во мерењето на „фискалните ефекти“ на СР?

- Дали треба фокусот да биде на буџетот или пошироко на јавните финансии?
- Дали треба да бидат ограничени на директните импликации или треба да ги опфатат и индиректните импликации?
- Дали треба да ги опфатат импликациите на приходната и расходната страна на буџетот или само на последното?

# Нејасност на „стариот”  ПЕР во мерењето на „фискалните ефекти“ на СР?

- Кои трошоци треба да бидат предмет на пресметување?
- Како да се интегрираат вонбуџетските извори?
- Кои бројки за вонбуџетски средства на финансирање треба да се земат (обврски/распределба)?
- Како најдобро да се артикулира приоритетна мерка (предвидувањето трошоци е последна фаза од процесот од долу нагоре)?

# Подготовка на севкупна рамка за Насоки за предвидување трошоци на ПЕР

- Подготовката се темелеше на детален преглед на искуствата на земјите во регионот од подготовката на ПЕР
- Подготвено на начин кој може да се примени во сите земји и од страна на ресорните министерства во земјите
- Намерата е да биде едноставно и по мерка на корисниците

Funded by the European Union.

# Клучни трошковни/финансиски карактеристики на Насоките за предвидување трошоци на ЕПР

- Фокус само на трошоците за СР мерките
- Фокус само на „дополнителни трошоци“ за СР мерките
- Фокус само на директни, фискални ефекти на прво ниво од СР мерките
- Систематска класификација на трошоците во рамки на СР мерките
- Систематска класификација на изворите на финансирање на СР мерките

# Табели за предвидување трошоци/финансирање на СР во рамки на Насоките за ПЕР

- *Насоките за ПЕР даваат основно појаснување за предвидување трошоци за поединечна СР мерка*
- Поконкретно, *Насоките за ПЕР содржат обрасци за табели* (секоја со методолошко појаснување)
  - Една за предвидување на трошоците – обем и структура – на СР мерка
  - Друга за *финансирање* на СР мерка

# *Табела 10а од Насоките за ПЕР*: предвидување трошоци за СР

### Табела 10а: предвидување трошоци за мерка за структурна реформа: (НАЗИВ НА МЕРКАТА) (во евра) (Да се пополни по реформа)

| Година | Плати | Добра и услуги | Субвенции и трансфери | Капитални расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Година X | | | | | |
| Година X+1 | | | | | |
| Година X+2 | | | | | |

# *Табела 10а од Насоките за ПЕР:* предвидување трошоци за СР

Методолошко појаснување од табелата:

- Во табелата се пресметуваат само „дополнителни трошоци“. Тоа значи да се пресметаат само оние трошоци кои кои нема да се реализираат ако не се спроведе мерката. На пример, ако постоечкиот кадар работи на спроведување на мерката, нема да се пресметуваат плати.
- Табелата се однесува само на директни трошоци за реформската мерка на прво ниво. Ако мерката може да се спроведе без дополнителни трошоци, сите места во табелата треба да се пополнат со „0“ (нула). Ако мерката генерира импликации на прво ниво врз приходната страна на јавните финансии (на пример, зголемување на буџетските приходи или зголемување во придонесите за пензискиот фонд), тоа треба да се објасни и квантифицира во фуснотите на табелата.
- Предвидувањето трошоци треба да се прави за тригодишен период, а годината Х е прва година според ПЕР, т.е. 2019.
- Ако мерката е составена од неколку активности, поднасловот за секоја од нив треба да се подготви како информација во табелата со резимирани информации во која се покажува предвидувањето на трошоците за мерката за структурна реформа во целина – овие подтабели не треба да се вклучат во ПЕР.
- Категорија „плати“ и предвидување на трошоците. Категоријата е составена од трошоци за плати за ангажирање дополнителен кадар, ако тоа е потребно за да се спроведе мерката за структурна реформа. Предвидувањето трошоци за дополнителен кадар треба да го земе предвид не само бројот на новиот кадар, туку и нивните квалификации и зголемувањето на платата за постоечкиот кадар. Треба да се применуваат стандардизирани плати за различни категории на нов кадар. Таквата табела со стандардизирани трошоци не треба да се вклучи во ПЕР.  Ако стандардизираните трошоци не се ниту расположливи ниту соодветни, треба да се добие стручно мислење.
- Категорија „ Добра и услуги“ и предвидување на трошоците. Категоријата е составена од следните категории на трошоци: (1) обука (2) експертиза (3) канцелариска опрема, (4) режиски трошоци (наемнина, струја, патувања). Стандардизирани трошоци за секоја категорија треба да се применуваат секогаш кога постои можност. Таквата табела со стандардизирани трошоци не треба да се вклучи во ПЕР.  Ако стандардизираните трошоци не се ниту расположливи ниту соодветни, треба да се добие стручно мислење.
- Категорија „субвенции и трансфери“ и предвидување на трошоците. Категоријата вклучува разни типови на субвенции и трансфери кои може да ги добие корисникот за да се спроведе мерката за структурна реформа. Стручно мислење треба да се користи за пресметка на оваа категорија на трошоци.
- Категорија „капитални расходи“. Категоријата вклучува капитални расходи поврзани со спроведување на мерката за структурна реформа. Стручно мислење треба да се користи за пресметување на предвидените расходи според оваа категорија на трошоци.
- Категорија „вкупно“: Тоа е збир на категориите од трите колони.

# Табела 10b од Насоките за ПЕР: финансирање на СР

| Година | Централен буџет | Локални буџети | Други национални извори на јавни финансии | ИПА фондови | Други грантови | Заеми за проекти | Да се одреди | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година X | | | | | | | | |
| Година X+1 | | | | | | | | |
| Година X+2 | | | | | | | | |

# Table 10б од Насоките за ПЕР: финансирање на СР

Методолошко појаснување од табелата:

- Табелата треба да даде преглед на изворите на финансирање за да се финансираат вкупните трошоци за мерката за структурна реформа кои се пресметани во табелата 10а.
- Категорија „Централен буџет“: Категоријата вклучува средства кои реално треба да се обезбедат од централниот буџет или од националните приходи за јавни финансии или од задолжувањата од финансиските заеми. За годината Х, средствата се достапни во рамки на буџетот усвоен за оваа година.
- Категорија „Локални буџети“: Оваа категорија вклучува средства кои треба да се достапни во рамки на буџетите на поднационално ниво, регионално ниво или општинско ниво.
- Категорија „ Други национални извори на јавни финансии“. Оваа категорија вклучува средства кои треба да се достапни од други национални извори на јавни финансии (покрај приходите во националниот буџет и локалните буџети), како што се придонеси за здравствено осигурување и пензиски фонд.
- Категорија „ИПА фондови“: Оваа категорија вклучува средства кои треба да се достапни од ИПА фондовите.
- Категорија „Други грантови“. Оваа категорија вклучува средства кои треба да се достапни во форма на грантови од сите мултилатерални и билатерални донатори, оваа категорија ги исклучува ИПА фондовите.
- Категорија: „Заеми за проекти“: Оваа категорија вклучува средства кои треба да се достапни од странски мултилатерални и билатерални позајмувачи во форма на заеми за проекти. Финансиските заеми не треба да се вклучуваат тука, туку под категоријата „Централен буџет“.
- Категорија „Да се одреди“: Оваа категорија го квантифицира делот од средствата кој е потребен за спроведување на мерка за структурна реформа, но за која изворите на финансирање треба дополнително да се одредат. Категоријата треба да се пресметува како остаток помеѓу категоријата „Вкупно“ и збирот на категории за сите веќе познати извори на финансирање за дадена мерка за структурна реформа.

Категорија „Вкупно“: Категоријата е збир од категориите и мора да е еднаква на категоријата „Вкупно„ во Табела 10а за секоја односна година.

# Неколку научени лекции до сега

- Рамка за избор на СР мерки (пречки за раст, поставување приоритети)
- Поврзување на СР мерки со конкретни препораки за земјата
- „Приказна“ за воведување на секоја „стара“ СР мерка во ПЕР (два типа на „стари“ СР мерки)
- Јасна артикулација на СР мерките (ни премногу опширно, ни премногу оскудно) со индикатори на успешност